Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), општина Ѓорче Петров, на ден 16. 08. 2018год. донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **ДУП за градска четврт СЗ 20, општина Ѓорче Петров,** Скопје кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **ДУП за градска четврт СЗ 20,** општина Ѓорче Петров-Скопје, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Со планскиот документ кој се донесува се врши уредување на просторот со површина од **50.6ха**, согласно со ГУП на Град Скопје(2012-2022), како документација од повисок ред при што се дадени Посебни услови за заштита на животната средина, т.е. спроведена е стратегиска оцена за влијанието врз животната средина кои задолжително треба да се испочитуваат.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Градоначалникот на општина Ѓорче Петров во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-2950/1
16.08 2018
Скопје

Градоначалник на
Општина Ѓорче Петров
Александар Наумоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ